Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) на 20.03.2013 година спроведе ***последователна посета*** на Центарот за сместување на баратели на право на азил, која имаше за цел следење и проценка на нивото на спроведување на препораките дадени во извештајот од редовната посета спроведена на 14.12.2011 година.

НПМ спроведе ***ненајавена последователна посета*** на Центарот за сместување на баратели на право на азил во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Посетата на Центарот за сместување на баратели на право на азил се спроведе во неколку чекори. Претставниците на НПМ најпрво остварија средба со вработените во центарот, како и со медицинската сестра ангажирана во делот на здравствената заштита на барателите на азил, а потоа спроведоа увид во сместувачките капацитети и остварија индивидуални и доверливи разговори со неколку сместени лица по однос на условите и правата кои ги имаат при престојот во Центарот за сместување на баратели на право на азил.

Во моментот на посетата во Центарот беа сместени 85 лица – баратели на азил распоредени во двете згради. По однос на дадените препораки вработените на Центарот го известија НПМ дека во изминатиот период биле реновирани занималните и бил изграден рекреативен центар за слободни активности. При влезот на првата зграда за сместување на баратели на право на азил, патеката е делумно оштетена и пропадната, а самата зграда руинирана и во полоша состојба од претходната посета спроведена во декември 2011 година. Во еден дел од тоалетите НПМ наиде на искршени парчиња керамика и стакло на подовите, како и скршени врати и уништени мијалници кои ги користат сместените лица. Заради тоа, НПМ смета дека тоалетите претставуваат ризик за ширење на заразни и инфективни болести. Во дел од собите мебелот беше целосно уништен, а во одредени ходници беа приметени поголеми количини на ѓубре. Малите трпезарии (чајни кујни) беа неуредни и извалкани, а во втората зграда сместувачките капацитети беа во поодржувана состојба и со поизразено ниво на хигиена.

При посетата на НПМ беше добиена информација дека од вкупно 85 сместени баратели на азил 4 се малолетни лица. При увидот на сместувачките капацитети НПМ не можеше да оствари разговор со малолетните лица кои за време на посетата беа отсатни од центарот. Од страна на социјалниот работник НПМ беше известен дека за малолетните лица е назначен старател[1], а од полнолетни сместени лица во центарот

[1] при тоа НПМ не доби целосна информација за тоа дали станува збор за малолетници дојдени со своите семејства или блиски роднини, или пак за непридружувани малолетни лица.

НПМ доби информација дека нема непридржувани малолетни лица, додека посебно се сместени семејствата со деца. При посетата на НПМ во 2013 година беше утврдено дека центарот има склучено договор со амбуланта при што лекарот ги посетува лицата и врши прегледи во вторник и четврток , додека медицинска сестра е ангажирана преку невладин сектор и истата е присутна во понеделник, среда и петок. На таков начин е обезбедено секојдневно да има медицинско лице во период од 12.00 до 15.00 часот, но прегледите се вршат само доколку лицата самите побараат преглед заради здравствената состојба во која се наоѓаат. Иако од страна на НПМ беше дадена препорака да биде вработен лекар на редовна основа кој секојдневно би бил присутен во центарот, сегашната состојба дозволува ограничен пристап од 3 часа дневно на медицинско лице, при што не се врши првичен здравствен преглед на лицата кога истите пристигнуваат и се примаат и сместуваат во центарот.

Од страна на сместените лица НПМ дел доби информација дека истите немаат проблем при пристапот за здравствена заштита и непречено можат да одат во амбулантата во Шуто Оризари како и на специјалистички прегледи, но дел од лицата посочија дека имаат проблем со пристапот до здравствени услуги при специјалистички прегледи, како и дека стоматолошките прегледи им ги наплаќаат приватно. Во делот на пристапноста на медицинската сестра и лекарот дел од лицата сместени во центарот посочија дека се случува понекогаш да не дојдат, а понекогаш си заминуваат порано од предвиденото време.

При посетата НПМ спроведе разговор со три лица сместени во Центарот, како и спроведе увид при делењето на оброкот (ручекот) на барателите на право на азил. При директниот увид во ручекот, НПМ утврди дека оброкот квантитативно и квалитативно не ги задоволува енергетските потреби на едно возрасно лице, односно истиот беше чорба (течна храна) во кој отсуствуваше задоволително количество на месо, а лицата за ручек добија и свежа салата и доволно количество на леб.

Барателите на азил истакнаа дека правна помош добиваат од UNHCR и од Македонското здружение на млади правници. Еден дел од нив истакнаа дека немаат постојана комуникација со вработените во центарот и за своите права се информираат најчесто преку здружението на млади правници.

Иако Центарот вовел образец за поплаки сепак истиот не се пополнува заради непознавањето на јазикот од страна на барателите и истите се соопштуваат усно. Но она што беше утврдено е дека не постои посебен регистар (книга) за усни поплаки од страна на баратели на право на азил. Воедно, НПМ утврди дека не постои посебен пишан протокол за постапување при физички насилства и инциденти помеѓу лицата сместени во центарот. Иако вработените посочија дека тоа прашање е регулирано во куќниот ред, истото не е утврдено во посебен протокол, особено имајќи во предвид дека лицата истакнаа дека постои физичко насилство меѓу нив, а дел од нив посочија дека имаат проблем и со локалното население во Шуто Оризари.

Националниот превентивен механизам искажа загриженост за ниското ниво на спроведување на дадените препораки од посебниот извештај од декември 2011 година и ги повтори препораките до Министерство за труд и социјална политика како и до Прифатниот центар за сместување на баратели на право на азил.